РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 25-3970/1
06-08-2019 20__ год.
СКОПЈЕ

Влада на Република Северна Македонија
Министерство за економија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за општа безбедност на производите |
| Одговорно лице и контакт информации: | Нериман Џеладини, раководител на Сектор за внатрешен пазар<br>Тел. 02/3 093 512 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго___ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | ДА |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Август 2019 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |

Влада на Република Северна Македонија
Министерство за економија

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Септември 2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Во законодавството на Република Северна Македонија, безбедноста на производите за прв пат е уредена со донесувањето на Законот за безбедност на производите во 2006 година („Службен весник на РМ" бр.33/06). Законот понатаму е неколку пати менуван и дополнуван и тоа во 2007 година („Службен весник на РМ" бр.63/07) во 2011 година („Службен весник на РМ" бр. 24/11, „Службен весник на РМ" бр.51/11, "Службен весник на РМ" бр.148/11), понатаму во 2013 („Службен весник на РМ" бр.164/13), во 2015 година „Службен весник на РМ" бр.152/15) и во 2016 година. Со законот се уредуваат барањата за општа безбедност на производите, начинот на пропишувањето техничките прописи и принципите на меѓусебното признавање на документите, оцената на сообразност и знаците за сообразност од странско потекло. Целта на законот е производите да бидат безбедни кога се пуштаат на пазар, стаааат во употреба или се употребуваат особено поради: остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и заштита на животната средина и природата и заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите и заштита на имотот. Донесувањето на законот и неговите измени и дополнувања е со цел усогласување со соодветното право на Европската унија во оваа област. Така законот е донесен и понатаму менуван и дополнуван со цел усогласување со
Директивата 2001/95/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 3 декември 2001 за општата безбедност на производите (Directive 2001/95/EC of the European Parliament and of the Council of 3 December 2001 on general product safety (Text with EEA relevance)), Регулативата (ЕЗ) Бр. 765/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 9 јули 2008 со која се утврдуваат барањата за акредитација и надзор над пазарот во врска со пуштањето во промет на производи и со која се укинува Регулатива (ЕЕЗ) Бр. 339/93 (Regulation (EC) No 765/2008 of the European Parliament and of the Council of 9 July 2008 setting out the requirements for accreditation and market surveillance relating to the marketing of products and repealing Regulation (EEC) No 339/93 (Text with EEA relevance)) и Одлуката бр. 768/2008/ЕЗ на Европскиот парламент и на советот од 9 јули 2008 за заедничката рамка за пуштање во промет на производи со која се укинува Одлука на Советот 93/465/ЕЕЗ (Decision No 768/2008/EC of the European Parliament and of the Council of 9 July 2008 on a common framework for the marketing of products, and repealing Council Decision 93/465/EEC (Text with EEA relevance)).

### *1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Законот за безбедност на производите кој е на сила изработен и развиен под силно влијание на европското законодавство. Сите измени и дополнувања на законот се насочени кон усогласување на националното законодавство и ова во голема мера е постигнато. Сепак, во законот се третираат две засебни подрачја во кои важат релативно поинакви барања и кои едно во однос на друго се поставени како општ (општите барања за безбедност на производите) и посебен пропис (делот кој се однесува на техничките прописи). Ваквата уредност на прашањата, особено земено од аспект на дефинициите кои што би требало да се заеднички а за кои постојат разлики во европското законодавство, првата и обврските на економските оператори засегнати со законот, одговорноста за штета која е уредена и со други прописи на Европската унија, го отежнуваат спроведувањето на законот. Дополнително и особено важно е дека измените и дополнувања на Законот го отежнаа мониторингот и разбирањето, што директно води кон остварување на едно од основните права на потрошувачите - правото на информирање како и на економските оператори за познавање на нивните права и обврски. Дополнително, при донесувањето на законот и неговите измени и дополнувања не е земено предвид прашањето на измамничките производи како опасни производи уредено со Директивата на Советот 87/357/ЕЕЗ од 25 јуни 1987 за усогласување на законите на земјите членки во врска со производите кои што наликуваат на други, го загрозуваат здравјето или безбедноста на потрошувачите (Council Directive 87/357/EEC of 25 June 1987 on the approximation of the laws of the Member States concerning products which, appearing to be other than they are, endanger the health or safety of consumers ).

Предлог Законот за општа безбедност на производите ќе се усогласи Директивата 2001/95/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 3 декември 2001 за општата безбедност на производите (Directive 2001/95/EC of the European Parliament and of the Council of 3 December 2001 on general product safety (Text with EEA relevance)) и со Директивата на Советот 87/357/ЕЕЗ од 25 јуни 1987 за усогласување на законите на земјите членки во врска со производите кои што наликуваат на други, го загрозуваат здравјето или безбедноста на потрошувачите (Council Directive 87/357/EEC of 25 June 1987 on the approximation of the laws of the Member States concerning products which, appearing to be other than they are, endanger the health or safety of consumers ).
Воедно новиот Предлог закон ќе се усогласи со Законот за прекршоци.

## 2. Цели на предлог регулативата

Цели на предлог регулативата се:

1. Да се обезбеди дека производите се безбедни кога се пуштаат во промет, ставаат во употреба или се употребуваат особено поради: остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и заштита на животната средина и природата и заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите и заштита на имотот.
2. Да се дефинираат правата и обврските на производителите и на дистрибутерите во поглед на пласман на безбедни производи
3. Да се предвидат механизми со кои ќе се зајакне соработката на надлежните државни органи во насока на гарантирање на безбедност на производите на пазарот
4. Да се обезбедат механизми за размена на информации помеѓу надлежните државни органи и со Европската унија во врска со опасните производи и мерките поврзани со нивен поврат од потрошувачите или повлекување од пазарот.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Ова решение значи да не се донесе предложениот закон и е неприфатлива опција, бидејќи со нејзиното одбирање нема да се постигне горенаведената цел.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со новиот Предлог закон кој се усогласува со директивите на Европската Унија се уредуваат одредби со кој се овозможува примена на европското право во областа на безбедноста на производите и преку тоа заштитата на потрошувачите, а воедно и појасно дефинирани обврски кои треба да ги исполнат произвителите и дистрибутерите и другите лица во ланецот на продажба. Предложените решенија ќе придонесат: да се креира модерна законска рамка, која, од една страна обезбедува високо ниво на заштита на безбедноста на потрошувачите; да се зајакне улогата на инспекциските органи во надзорот на пазарот и преземањето мерки кога на него ќе се појават производи кои не ги исполнуваат барањата за безбедност како и да се поттикне доброволно постапување на економските оператори во случаите кои на пазарот ќе пласираат производи кои се сметаат за опасни односно од кои произлегува ризик.

Со овој закон се овозможува и соодветно уредување на одговорноста согласно новиот Закон за прекршоци.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*Имплементацијата на европските стандарди за безбедност на производите ќе ја зголеми конкурентноста на македонската економија и ќе го олесни нејзиното вклучување на внатрешниот пазар, а тоа треба да влијае на раст на економската активност во целина.*

*4.2 Фискални влијанија*

Новите решенија нема да наметнат нови трошоци за економските оператори ниту пак на инспекциските органи, освен редовните трошоци кои што ги имаат и со примената на постојното законско решение.

*4.3 Социјални влијанија*

Социјалните фактори имаат мошне широко влијание врз однесувањето на потрошувачите и според социолошкото објаснување за однесувањето на потрошувачите акцентот се става на човекот како индивидуа и како вид и производ на општеството. Во групата на социјални фактори влегуваат повеќе фактори: културата, субкултурата, општествениот слој, референтните групи, семејството, улогата и статусот на поединецот во општеството и начинот на живот. Припадноста на одредени социјални слоеви т.е.. групи во голема мера го определува неговото однесување како потрошувач.

Новиот закон за општа безбедност на производите преку правната заштита ќе влијае врз поединечните групи на граѓани (најранливите или најризичните децата возрасните лица) со воведување на одредбите кои се однесуваат на забраната за измнички производи. Во поглед на другите одредби во законот и воспоставувањето на модерен системот за безбедност на производите, како и улогата на надлежните органи ќе се зголеми и зајакне довербата во производите кои се пласираат на пазарот.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Една од главните цели на законот е воспоставување систем на безбедност на производи кои нема да имаат негативно влијание по лицата но и по животната средина.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во текот на изработката на новото законско решение беа организирани низа работилници со засегнатите страни и тоа особено инспекциските служби и телата за оценка на сообразноста. При советувањата се оцени дека новите законски решенија даваат појасна слика за целите кои што треба да се

постигнат со законот, како и за обврските на сите чинители во процесот на производство и пуштање во промет на производи кои може да претставуваат одреден ризик за граѓаните и околината.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислењата добиени од засегнатите страни се однесуваа на појаснување на одредени дефиниции и се вградени во текстот.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Решението ќе има позитивно влијание за конкурентноста на економијата, заштитата на потрошувачите, зајакнувањето на административните капацитети, намалување на казните за трговците-прекршителите на обврските кои што постојат со законот, како и приближување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската унија.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Ризикот постои во спроведувањето на законските решенија заради недостиг на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Да се креира модерна законска рамка, која, од една страна обезбедува високо ниво на заштита на правата на граѓаните на пазарот да им се достапни само безбедни производи, а истовремено гарантира полесни услови за деловно работење; да се зајакне административниот капацитет на Министерството за економија одговорно за спроведување на политиката за заштита на потрошувачите и политиката за безбедност на производите ко дел од неа, да се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, да се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Со донесување на предметниот закон, нема да се предизвика потреба од менување на други закони.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Донесувањето на предложениот законот имплицира донесување на подзаконски прописи.